ИСОС | Република Македонија
Институт на Сметководители
и Овластени Сметководители

**Управен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија**
**Архивски број** 393/02-02
**25.07.2023 година**

Врз основа на член 8 став 1 алинеја 11, член 118 и член 119 од Уставот на Република Македонија, а во врска со член 16 став 1 точка 13 и член 69 од Законот за вршење сметководствени работи, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија - ИСОС, во согласност со член 27 став 3 точка 46 од Статутот на ИСОС, на својата 4 (четврта) седница, одржана на ден 25.07.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Член 1**

Лиценцирачките политики за превод и репродукција на МСФИ стандардите за усвојување (анг. Licensing Policy for Translation and Reproduction of IFRS Standards for Adoption) од 2020 година, издадени од Фондацијата за меѓународни стандарди за финансиско известување од Лондон, како и Договорот за остапување на авторски права во рамки на ограничени територии склучен помеѓу Министерството за финансии на Република Македонија (понатамошен текст Министерство за финансии) и Фондацијата за меѓународни стандарди за финансико известување од Лондон на 29.10.2004 година, и Договорот за превод на Меѓународни стандарди за финансиско известување и Меѓународни стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти, склучен помеѓу Министерството за финансии и Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (понатамошен текст ИСОС или Институтот) на 30.06.2023 година се директно применливи во Институтот при спроведувањето на член 16 став 1 точка 13 и член 69 од Законот за вршење на сметководствени работи.

**Член 2**

Се овластува Претседателот на Институтот во целост да ја спроведи оваа Одлука, ополномоштувајќи ја со истата Одлука слободно и неограничено да ги презема сите дејствија и акти за спроведување на обврските од Договорите, Лиценцирачките политики и одредбите од оваа Одлука, со должност за редовно известување на Управниот одбор за преземените дејствија и акти.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со датумот на нејзиното донесување.

Р. Македонија
Град Скопје
25.07.2023 година

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**на Управниот одбор на ИСОС**
*Весна Прентоска*